

# наѓа рапенсбергерова

музеј на современата уметност скопје

уметничка галерија моша пијаде битола

април—мај 1975



Организирајќи изложби на странски автори и презентирајќи подарени дела од чехословачки уметници, Музејот на современата уметност во Скопје, во текот на претходните години, неколку пати ја запознаваше публиката со современите текови на чехословачката уметност. Изложбата на графики од Наѓа Рапенсбергерова е уште еден прилог во надополнувањето на претставата за поновите изрази и во оваа област на уметничкото експонирање.

Од почетокот на своето творештво Наѓа Рапенсбергерова ѝ се посветува на применетата графика, цртежот и илустрацијата на книги. Нејзиното име веќе има заземено трајно место во контекстот на словачката графика, зашто нејзините дела во себе носат творечка осмисленост и оригинален уметнички израз. Рапенсбергерова ѝ припаѓа на групата ученици на професорот Холжник, кои уште во студентските денови нашле свој сопствен пат. Почетните творби на Рапенсбергерова се никнати на тлото на надреализмот, што ќе остане како траен дел од нејзиното уметничко кредо. Творечкиот опус на Рапенсбергерова е поделен на циклуси. Нејзината најчеста преокупација е човекот како роб на разновидните мали нешта и задоволства кои ги носи секојдневниот живот, како и неговата вечна борба со времето во кое се губи и е немоќен да се запознае себеси.

Творештвото на Наѓа Рапенсбергерова е создадено од контрастни елементи кои својот одраз го наоѓаат во судирот на светло-темното, како и во варирањето на облиците, физиономијата, расположението и чисто декоративните елементи. Во нејзините творби се чувствуваат реминисценциите на минатото преку влијанијата на ренесансните и средновековните елементи, како што се ботичелиевските фигури и средновековниот мир во третманот на женскиот лик. Нарацијата кај Рапенсбергерова е постојано присутна, но тоа не е празна фабула, туку фабула базирана врз подлабоко филозофско размислување за проблемите на човекот. Тоа е еден „натуралистички“ приказ на нашето кошмарно постоење и на крајно комплицуваната човечка природа, додека поимот на отуѓувањето како рефрен ги проследува нејзините графики.

Комплицуваните процеси на размислувањето, вечната внатрешна борба, ликовно се изразени со разбивање на ком-

позицијата во квадрати, кои раскажуваат настани за себе, како и со постепената трансформација на ликот, кој е поставен во различни краишта на форматот. Денешниот начин на живеење е искажан во симболичната порака на овој уметник, во нејзиниот дух, кој се вообличува во несредена и нервозна композиција, а која Рапенсбергерова ја смирува со адекватно најдени средства. Вознемиреноста на формите и линиите, ги урамнотежува со дијагонала, со строга физиономија или пак со поголема, смирена, рамна површина. Психичката и физичката напнатост на дадените физиономии предизвикува композиционен немир со постојаното присуство на хуманизмот, на слобода на човекот и на минливоста на живеењето. Во делата на Наѓа Рапенсбергерова не се наоѓа само израз на млад, школуван талент, туку тоа е една сигурна и зрела ориентација, кон вечно присутниот проблем на човековата егзистенција. Нејзина филозофска и хумана порака се концентрира во мислата за трагичниот контраст меѓу сопственото „Јас“ и суровоста на битисувањето. Инспирирана на домашната традиција и непосредната реалност, во своите творби со успех ги реализира и поетски транскрибира елементи на чехословачкото изворно творештво.

Со усовршените средства на сликарскиот израз, со цврстата експресивна форма, Рапенсбергерова успева на типовите, пејсажите и комплицуваните композициони решенија да им даде типични карактеристики на нејзиното поднебје. Резигнираниот начин на создавање, со детално анализирање, укажува на патот што таа го одбрала и на кој, со подоцнежното прочистување на формата, останала доследна до денес. Афинитетот кон аналитичката форма се изразува во ритмичките трансформации на ликовите и облиците што се базирани на речиси музички контрасти. Симболиката, која од самиот почеток го карактеризира творештвото на Наѓа Рапенсбергерова, е временска синтеза на стиловите од кои уметницата ги зема најспецифичните елементи и ги трансформира на свој, по малку брутален начин, кој станува ономатопеја на феноменот на отуѓувањето на човекот.

Викторија Васева



**НАЃА РАПЕНСБЕРГЕРОВА** е родена на 24 јануари 1936 година во Кокава крај Римовица (ЧССР). По завршеното училиште за применета уметност, го усовршува своето школување на Високата школа за применета уметност (графика и илустрација) кај професорот Винсент Хложник од 1956—1962. Живее и работи во Братислава.



**Самостојни изложби**

1964 — Братислава, Галерија Маерник
1966 — Братислава, Галерија Маерник
1969 — Братислава, Градска галерија
1971 — Белград, Графичкиот колектив — Галерија
1972 — Братислава, Галерија Маерник

**Групни изложби**

1963 — Братислава, Изложба на младите

1964 — Братислава, Брно, Тренцин
— Прага, Изложба на словачката графика
— Братислава, Изложба на западно-словачките уметници
— Прага, Изложба на илустрации на книги
— Братислава, Изложба на цртежи
— Краков, Изложба на цртежи
— Брно, Изложба на младите
— Братислава, Салонот
— Прага, Изложба на младите словачки графичари

1968 — Братислава, Изложба на графичката школа на проф. Хложник

1969 — Братислава, Прва изложба на групата Graphic Art

1970 — Матин (Долни Кубин), Изложба на групата Graphic Art
— Братислава, II изложба на групата Graphic Art
— Прага, Изложба на словачкото творештво

1971 — Братислава, III изложба на групата Graphic Art
— Банска Бистрица, Современа графика I
— Солинген, Галерија Алферман
— Барцелона, Меѓународна изложба на илустрација на книги
— Лајпциг, Меѓународна изложба на илустрација на книги

1972 — Виченца, Изложба на групата Graphic Art
— Мексико, Изложба на словачката графика
— Фиренца, Изложба на групата Graphic Art

**Награди**

1964 — III награда на Меѓународната изложба на илустрација на книги во Лајпциг

1971 — II награда на Меѓународната изложба во Барцелона

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Шестти август во еден ипол. 17/20 | 25x39 | 1967 |
| 2. | Весела недела, 18/25 | 23x31 | 1967 |
| 3. | Одмор, 15/20 | 22x31 | 1968 |
| 4. | Слободна сабота, 11/25 | 22x31 | 1968 |
| 5. | Изгубена прошетка, 8/15 | 22x31 | 1968 |
| 6. | Супермен I, 1/10 | 28x36 | 1968 |
| 7. | Супермен II, 3/10 | 28x36 | 1968 |
| 8. | Супермен III, 10/10 | 28x36 | 1968 |
| 9. | Супермен IV, 6/10 | 28x36 | 1968 |
| 10. | Залез | 26x39 | 1968 |
| 11. | Рано во четири и петнаесет, 12/20 | 26x30 | 1968 |
| 12. | Порака I, 4/10 | 37x30 | 1970 |
| 13. | Порака II, 6/10 | 37x30 | 1970 |
| 14. | Порака III, 2/10 | 37x30 | 1970 |
| 15. | Порака IV, 3/10 | 37x30 | 1970 |
| 16. | Порака V, 3/10 | 37x30 | 1970 |
| 17. | Порака VI, 9/10 | 37x30 | 1970 |
| 18. | Порака VII, 1/3 | 37x30 | 1970 |
| 19. | Анонимен, 6/10 | 23,5x40 | 1971 |
| 20. | Очекување на чудо, 14/16 | 23,5x40 | 1971 |
| 21. | Garden party I, 9/50 | 25x30,5 | 1971 |
| 22. | Garden party II, 16/50 | 25x30,5 | 1971 |
| 23. | Gemer | 24x32 | 1972 |
| 24. | Манинскиот теснец, 2/25 | 25x33 | 1972 |
| 25. | Прикевечерина, 5/25 | 25x33 | 1972 |
| 26. | Кисуцка шума | 25x33 | 1972 |
| 27. | Вршач, 2/20 | 25x33 | 1972 |
| 28. | Случка во паркот, 2/20 | 23,5x40 | 1972 |
| 29. | Последна пролет, 2/25 | 23,5x40 | 1972 |
| 30. | Пиета I, 3/30 | 35x25 | 1973 |
| 31. | Пиета II, 3/15 | 35x25 | 1973 |
| 32. | Пиета III, 3/15 | 35x25 | 1973 |
| 33. | Оваа земја I, 4/40 | 24x40 | 1973 |
| 34. | Повик, I, 6/15 | 35x24 | 1973 |
| 35. | Повик II, | 35x24 | 1973 |
| 36. | Повик III, 11/15 | 35x24 | 1973 |
| 37. | Повик IV, 1/15 | 35x24 | 1973 |
| 38. | Оваа земја II, 4/50 | 24x40 | 1974 |
| 39. | Раце I, | 48x39,5 | |
| 40. | Раце II, | 40x39,5 | |
| 41. | Раце III, | 48x39,5 | |
| 42. | Портрет I, | 48x39,5 | |
| 43. | Портрет II, | 48x39,5 | |
| 44. | Портрет III, | 48x39,5 | |
| 45. | Композиција I, | 48x39,5 | |
| 46. | Композиција II, | 48x39,5 | |

Сите графики се изработени во техника на литографија

Изложбата е реализирана во соработка на Музејот на современата уметност — Скопје, Уметничката галерија „Моша Пијаде“ — Битола и редакцијата „Културен живот“, Скопје.